Градежен институт
МАКЕДОНИЈА АД
Бр. 1202-67/96
25.10.2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJIT
Бр.-Nr: 102-6561/
26.10.2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# АНЕКС ДОГОВОР БР.1

**кон основниот Договорот за вршење на надзор на работите за изградба на Брана “Конско” со придружни објекти заверен кај Нарачателот РСМ Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство под број 05-231/11 од 20.09.2016 година**

**Склучен помеѓу:**

1. **1. РСМ Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,** со адреса ул.Аминта трети бр.2, Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од Министерот Arjanit Hoxha (во понатамошниот текст Нарачател) и
2. **Градежен Институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје,** со седиште на ул.Дрезденска бр.52 Скопје, со ЕДБ 4030975274722, депонент на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, жиро сметка 210040675330174, застапувано од Генералниот директор Влатко Иванов (во понатамошниот текст Вршител на услугата).

**Член 1**

Врз основа на Договорот за извршување на услуги за вршење на надзор на работите за изградба на Брана “Конско” со придружни објекти заверен кај Нарачателот РСМ Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство под број 05-231/11 од 20.09.2016 година и кај Вршителот на услугата заведен под број 1002-7/4 од 16.03.2016 година, а согласно член 22 од Договорот и потребата од продолжување на рокот за изведба, се склучува овој Анекс договор бр.1.

**Член 2**

Со овој Анекс договор бр.1 се менува член 6 од Основниот договор, односно се продолжува рокот за изведба на работите и истиот гласи:

Временскиот период за ангажирање на Надзорниот орган за надзор на изведување на работите е директно условен од изведбата на работите, односно истиот е со времетраење до 22.07.2022 година. Во овој рок е вклучен рокот за изведба на работите и гарантниот период. За овој временски период Вршителот на услугите треба да го усогласи динамичниот план за извршување на услугите на надзор. Овој договор престанува да важи кога во целост ќе бидат исполнети правата и обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, согласно наведеното во тендерската документација и програмата за вршење на надзор на работите за изградба на брана Конско и придружните објекти.

**Член 3**

Останатите одредби од Основниот Договор за вршење на надзор на работите за изградба на Брана “Конско” со придружни објекти заверен кај Нарачателот РСМ Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство под број 05-231/11 од 20.09.2016 година остануваат непроменети.

**Член 4**

Со денот на потпишување на овој Анекс договор од двете договорни страни, истиот станува составен дел на Договорот за вршење на надзор на работите за изградба на Брана “Конско” со придружни објекти заверен кај Нарачателот РСМ

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство под број 05-231/11 од 20.09.2016 година и кај Вршителот на услугата – Градежен Институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје заведен под број 1002-7/4 од 16.03.2016 година.

**Член 5**

Евентуалните спорови во врска со извршувањето на овој Анекс договор, договорните страни ќе настојуваат да го решат спогодбено, во спротивно истиот ќе го решава Основниот граѓански суд во Скопје, Република Северна Македонија.

**Член 6**

Овој Анекс договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 4 (четири) примероци за Нарачателот и 2 (два) примероци за Вршителот на услугата.

**ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА**
**Градежен Институт**
**МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
**Генерален Директор**

**Влатко Иванов**

**НАРАЧАТЕЛ**
**Министерство за земјоделство**
**шумарство и водостопанство**
**Министер**

**Arjanit Hoxha**